Свети Василиј Велики

# БЕСЕДИ НА ШЕСТОДНЕВОТ

ikona

**Беседа 1.**

# ВО ПОЧЕТОКОТ БОГ ГИ СОЗДАДЕ НЕБОТО И ЗЕМЈАТА

(1Moj. 1,1)

За оној што сака да раскажува за структурата на светот, соодветен почеток е претходно да проговори за почетокот на устројството на видливите нешта. Затоа што мора да ја пренесе историјата на создавањето на небото и на земјата, коишто не произлегле сами од себе, како што некои си замислуваат, туку имале причина во Бога.

Чиј слух ќе биде достоен да ја чуе величественоста на таквото раскажување? Со каква подготовка мора душата да пристапи кон слушањето на таквите поуки? Таа мора да биде чиста од плотските страсти, непомрачена од секојдневните работи, трудољубива, ревносна, проникли-ва во сé од коешто може да се извлече поим за Бога, достојна на Бога.

Но пред и да ја испитаме точноста на реченото да ја разгледаме целата повеќезначајност на немногубројните зборови, да си претставиме: кој беседи со нас? Бидејќи, и кога поради немоќта на нашиот разум не би проникнале во длабочините на срцето на раскажувачот, сепак, свртувајќи го вниманието кон веродостојноста на оној што ни говори, самите ќе дојдеме до неопходноста да се согласиме со реченото.

Значи, оној што ја составил оваа историја е Мојсеј оној Мојсеј, за кого е посведочено, дека *Му бил мил на Бога* (Дела7,20) уште на мајчино млеко; кого го посвоила ќерката на Фараонот и го воспитала со царско образо-

вание, поставувајќи му ги за учители мудрите египетски наставници; кој ја презрел гордоста на владеењето и ја споделил понизената состојба на своите сонародници *сакајќи повеќе да страда со народот Божји отколку да има преодна гревовна наслада* (Евр. 11,25); кој примајќи ја од самата природа љубовта кон правдината, уште пред и да му биде доверено раководењето со народот Божји, по природното гнасење од злото, се покажал дури до смрт подготвен да ги гони злосторниците; кој, бидејќи прогонет од оние чиј добротвор им бил и со радост оставајќи им го египетскиот метеж, заминал во Етиопија и таму, на целосна слобода од други должности, во текот на цели четириесет години се вежбал во созерцание на постоечкото; кој, бидејќи веќе осумдесетгодишен, Го видел Бога колку што му е можно на човека да го види, подобро речено, како што не го видел ниеден човек, според сведоштвото на Самиот Бог: *ако меѓу вас има пророк Господов, Јас му се откривам во видение, на сон говорам со него. Не е така, меѓутоа, со мојот слуга Мојсеј, тој е верен на целиот Мој дом. Јас говорам со него уста со уста, и јавно, а не преку гатање* (4. Мој. 12,6-8). Оној што исто како и Ангелите се удостоил да го види Бога лице в лице ни раскажува нешто од тоа што го слушнал од Бога. Да го послушаме тогаш ова вистинито слово, кое е изречено *не во убедливи зборови на човечка мудрост, туку во пројава наДухот и силата* (1. Кор. 2,4), и има за цел не пофалба од оние што го слушаат, туку спасение на оние што се поучуваат од него.

*Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата* (1Мој. 1,1). Чудесноста на мислата ги занемува зборовите во мене. Што попрво да кажам? Со што да го започнам толкувањето? Да ја разобличам ли суетата на многубожците? Или да ја воздигнам вистината на нашето учење?

Грчките мудреци многу размислувале за природата, а ниту едно нивно учење не останало цврсто и непоколеб-

ливо - бидејќи следното учење секогаш го соборувало претходното. Да ги побиваме нив е залудно; тие си се сами доволни за да се побиваат еден со друг. Затоа што не го знаеле Бога, не дозволувале дека произлегувањето на сите нешта зависи од разумна причина; а сообразно со сите корени на нивното незнаење заклучувале и за останатото. Поради тоа, едни прибегнувале кон материјални начела и причината на целата творба им ја припишувале на стихиите на светот; други си замислувале дека природата на видливите нешта е составена од атоми и неделиви тела, тежина и празен простор; според кое, раѓањето и разорувањето произлегуваат од меѓусебното согласување или одвојување на неделивите тела, а во телата поиздржливи од другите, причината за долготрајното опстојување се состои во цврстото спојување на атомите.

Навистина, ткаат пајакова ткаенина оние што го пишуваат ова и им претпоставуваат толку мали и слаби почетоци на небото, земјата и морето. Тие не умееле да речат *во почетокот Бог ги создаде небото и земјата* зашто безбожноста вгнездена во нив им всадила лажна мисла, како небаре сé да опстојува без управување и без устројство и се доведува во движење по некоја случајност. За и ние да не се изложиме на истото, писателот на книгата Битие директно, во првите зборови, го просветлува нашиот разум со името Божјо, велејќи: *во почетокот Бог ги создаде*.

Каков прекрасен поредок! Најпрвин го споменува *почетокот*, за никој да не го смета светот за беспочетен, а потоа додава *ги создаде*, за да покаже дека создаденото е само мал дел од силата на Создателот. Како што грнчарот со еднаква вештина прави илјадници садови, не исцрпувајќи ја со тоа ни вештината, ни силата, така и Создателот на оваа вселена, имајќи творечка сила не само за еден свет доволна, но во бесконечен број пати

поголема, целата величественост на видливото ја привел во битие со еден двиг на волјата.

А ако светот има почеток и е создаден, тогаш да се запрашаме: кој му дал почеток, и кој е неговиот Творец? Подобро речено, за да ти се разјасни сѐ со помош на човечките размислувања, и никако да не отстапиш од вистината, Мојсеј со своето учење претходно нѐ известил, наместо отпечатоци и огради на нашите души им го наложи многу почитуваното име на Бога, велејќи: *во почетокот Бог ги создаде*. Ова блажено Естество, оваа нескудна Благост, оваа Добрина љубезна и многу посакувана за секое суштество со разум обдарено, ова Начало на постоечкото, овој Источник на животот, оваа духовна Светлина, оваа непристапна Мудрост - ете Кој *во почетокот ги создаде небото и земјата*!

Затоа, о човеку, не претставувај си го видливото како беспочетно и затоа што движечките тела на небото опишуваат круг, а во кругот нашето сетило на прв поглед не може да го забележи почетокот, не заклучувај дека природата на телата со кружно движење е беспочетна. Па и тој круг, т.е. цртеж, опишан на рамнината со една линија, не треба да го претпоставуваме како без почеток, затоа што му бега на нашето сетило и затоа што не можеме да најдеме каде тој започнува и каде завршува. Наспроти тоа, дури и сѐ да му бега на нашето сетило, сепак, токму во стварноста, оној што опишал кружница од центарот и одреден радиус несомнено го започнал од некаде. Така и ти, гледајќи дека телата, откако ќе го опишат кругот, се враќаат во својата претходна положба, од рамномерноста и непрекинатоста на нивните движења не залажувај се дека светот е беспочетен и бесконечен. *Зашто се менува обликот на овој свет* (1.Кор. 7,31), и *небото и земјата ќе преминат* (Мат. 24,35).

Во полза на претскажувањето на догмите за крајот и за промената на светот е и тоа што претходно накратко

ни е предадено во самите основи на боговдахновеното учење: *Во почетокот Бог ги создаде*. Она што започнало со времето по секоја неопходност и ќе заврши во времето. Ако постои почеток во времето, не сомневај се дека постои и крај.

Но кон каков крај приведуваат геометријата, способноста за аритметика, изучувањата за масите и прочуената астрономија - таа многужалосна суета, ако оние што ги изучиле сите науки дошле до заклучок дека целиот видлив свет е совечен на Творецот на сé - Бога, и ако она што е ограничено и има материјално тело, тие го издигнале во една слава со природата на непоимливото и невидливото, бидејќи не се во состојба да разберат дека таму каде што деловите подлежат на расипување и на промена и целината неопходно некогаш ќе претрпи еднакво видоизменување со своите сопствени делови? Но тие толку *заблудеа во своите помисли и нивното неразумно срце им се помрачи, и наречувајќи се себе мудри, обезумија* (Рим.1,21-22), што едни тврделе дека небото од вечност сопостои заедно со Бога, а други зборувале дека тоа е Бог беспочетен и бескраен и причина на благоустројството на деловите на вселената. И несомнено, неумереноста на светската мудрост еден ден ќе им донесе зголемување на тешката осуда затоа што со толкава внимателност проникнувајќи во празните предмети своеволно се заслепиле за разбирањето на вистината. Но меѓу оние што ги измериле расто.јанијата на ѕвездите, што ги опишале ѕвездите, секогаш видливата и северната, а исто така и ѕвездите што се наоѓаат околу јужниот пол, видливи за оние што живеат таму, а за нас непознати, што ја разделиле на безбројни делови северната ширина и зодијачкиот круг, што со точност го набљудувале враќањето на ѕвездите, нивните застанувања, опаѓања и општото движење во однос на претходните места, а исто така и времето во кое секоја од

планетите го минува својот период, не се нашол ниту еден способен да го разбере Бога, Творецот на вселената и праведен Судија, Кој секому му дава според достоинството на делата; и да ја прими во умот мислата за крајот, произлезена од сфаќањето на судот, затоа што, на светот му е неопходно да се измени, ако состојбата на душата преминува во друг вид на постоење. Бидејќи, како што сегашниот живот има квалитет сроден на овој свет, така и идното суштествување ќе прими судбина својствена на својата состојба. Но тие се толку нерасположени да ги ислушаат овие вистини, што дури со силна смеа нé пресретнуваат, кога им го соопштуваме крајот на целиот свет и вечното битие.

Затоа што почетокот по природен начин му претходел на она што е од почеток, раскажувачот на нештата, кои го примаат битието во времето, на сé нужно му го претпоставил овој израз: *Во почетокот Бог ги создаде*. Постоел поредок, веројатно, и пред овој свет, по сé, дури и разбирлив за нашиот ум, меѓутоа невоведен во раскажувањето, како несоодветен за силите на оние кои се почетници и младенци во разумот. Уште пред битието на светот, постоела некоја состојба соодветна на натсветовните сили која го надминувала времето, вечна и непрекината. Во неа Творецот и Создателот на сé ја создал творбата - духовниот свет, соодветен на блаженството на оние кои го љубат Господа, т.е. разумните и невидливите природи и целото украсување на умозрителните суштества, кои го надминуваат нашето разбирање, така што не ни е можно да си изобразиме за нив имиња. Тие ја исполниле со себе суштината на невидливиот свет, како што нé учи Павле, велејќи: *Бидејќи преку Него е создадено сé што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо; било престоли, било господства, било началства, било власти* (Кол.1,16), и ангелски воинства и архангелски чиноначалија.

А кога, најпосле, станало неопходно да се присоедини кон постоечкиот, и овој свет - како основен образ на училиште и место за образование на душите човечки, а потоа воопшто како место на престојување на секој оној кој подлежи на раѓање и уништување, тогаш бил произведен, сродно на светот и оние што се наоѓаат во него, континуитетот на времето, секогаш да брза и да поминува, и никаде да не го прекинува своето течение. Зар не е такво времето, зашто во него минатото изминало, идното уште не настапило, а сегашното им се искрадува на сетилата, пред да биде познаено? А таква е и природата на постоечкото во овој свет; тоа, де задолжително расте, де се намалува, и очигледно не поседува ништо цврсто и постојано. А и за телата на животните и растенијата, кои неопходно, како со некој поток, се сврзани и одвлечени од движењето што ги води кон раѓање или уништување, било погодно да се затворат во природата на времето, кое примило својства сродни на предметите што се менуваат. Па така, раскажувачот, кој премудро ни го објаснува битието на светот, расудувајќи за светот, мошне умесно додал: *Во почетокот Бог ги создаде*, т.е. во овој почеток, во временскиот почеток. Бидејќи, секако, не сведочи дека светот по својата првобитност, претходејќи на сé создадено, се именува настанувањето на почеток, туку зборува за почетокот на создавањето на сите видливи и со сетилата дофатливи нешта по невидливото и умозрителното.

Почеток се нарекува и првото движење, на пример: *Почетокот на добриот пат е да се врши правда* (Изр. 16,5); затоа што, пред сé, праведните дела нé движат кон блажен живот. Но, почеток се нарекува и тоа од коешто настанува некој предмет, меѓутоа, со тоа што во него е и другото; на пример: кај куќата темелот, а кај бродот, подводниот дел. Во оваа смисла е речено: *Почетокот на мудроста е стравот Господов* (Изр. 9,10); бидејќи,

богобојазливоста е основа и темел на совршенството. За почеток, пак, на уметничките дела се именува уметноста; на пример: мудроста на Веселеил била почеток на украсувањето на Скинијата. А почеток на наравствените постапки, често се случува да биде и полезниот крај на направеното; на пример: почеток на милосрдието е здобивањето на благоволение Божјо, а почеток на секое добродетелно дејство е по ветување, очекуваниот крај за нас.

Бидејќи почетокот има толку многу значења, види дали во ова слово и во сегашниов случај ги пренесовме сите обележја. Затоа што, тебе ти е можно да знаеш со кое време започнала структурата на овој свет, ако од сегашното зачекориш наназад, потрудувајќи се да го изнајдеш првиот ден на битието на светот. Во таков случај ќе изнајдеш со што започнало првото движење во времето. Потоа ќе го изнајдеш и тоа дека на некои основи и темели, кои му претходат на останатото, се поставени небото и земјата; а потоа дека постои некаков уметнички Ум, кој ги распоредува украсите на видливите нешта, како што тебе ти покажува самиот збор: *почеток*. Ќе изнајдеш, исто така, дека не попусто и не без цел, туку за некаков полезен крај, заради благосостојба на сите суштества, е измислен овој свет, ако само навистина тој е училиште за разумните души, во кое им се предава богопознание, и низ видливото и сетилното, умот се раководи кон созерцување на невидливото, како што зборува Апостолот, *што е во Него невидливо, се гледа уште од создавањето на светот, гледано според неговите созданија* (Рим.1,20).

Или можеби, бидејќи дејството на создавањето е моментно и не подлежи на време, затоа е речено: *во почетокот Бог ги создаде*; бидејќи почетокот е нешто што не се состои од делови и не се развлекува. Како што почетокот на патот сé уште не е пат, и прагот на куќата

сé уште не е куќа; така и почетокот на времето сé уште не е време, па дури ни најмал дел од времето. Дури некаков љубител на расправии и да рече дека почетокот на времето е време, нека знае дека тој го разделува почетокот на делови, а суштината на деловите е оваа: почеток, средина и крај. Но да се замислува почеток на почетокот е многу смешно. И оној кој го дели почетокот на два дела, тој од еден прави два почетока, подобро речено, многу и бесконечен број на почетоци: бидејќи, секој одделен дел мора непрекинато да биде разделуван на нови делови. Па така, за ние, воедно, да разбереме дека светот, по благоволение Божјо, не е создаден во времето, е речено: *во почетокот Бог ги создаде*. Во означувањето на ова, древните толкувачи[1], појасно изразувајќи ја мислата, рекле: наеднаш (εν αεκφλαιψ) Бог создаде, т.е. одеднаш и во еден миг.

Бидејќи од многуте точки разгледавме неколку, доволно размислувавме за почетокот. Но од уметностите, едни се нарекуваат творечки (ποιητικαι), други се состојат во дејствување (πρακτικια), трети во умозрение (θεωρνταικ). На крајот на уметностите, што се состојат во умозрение, е дејствувањето на умот; а на крајот на уметностите, што се состојат во дејствување, движењето на телото, по чие престанување ништо веќе нема и не останало за гледачот: така, танцот или играта на свирка не даваат ништо во творба; по дејствувањето тие се ограничуваат само на самите себе. А во уметностите на творењето, и по престанување на дејството, делото е видливо: такви уметности се: архитектурата, дрводелството, ковачката вештина, ткајачкиот занает, и слични на овие. Дури и кога уметникот не е на местото, сепак,

[1] Свети Василиј, веројатно, го подразбирал овде преводот на Аквилиј, во кој се чита: Εϖ κεφαλαιψ εποιηοε ο Θεοφ τον ωρανον και την γην.

самите овие уметности по себе доволно го покажуваат умот на уметникот, и ти можеш да му се восхитуваш на архитектот, ковачот, ткајачот, гледајќи го неговото дело.

По сé, и премудриот Мојсеј, сакајќи да покаже дека светот е уметничко дело кое подлежи на созерцување на секого, така што низ него се познава премудроста на Творецот, не употребил некое друго слово за светот, туку рекол: *во почетокот Бог ги создаде*. Не ги направил, не ги произвел, туку ги создал. И бидејќи мнозина од оние кои си претставувале дека светот од секогаш суштествува со Бога, не се согласувале со тоа дека тој е создаден од Бога, туку дека сам од себе се остварил, како сенка на Божјата сила; и затоа што, дури и го признавале Бога за причина на светот, но неволна причина, како што телото е причина на сенката, светлечкото на блесокот: затоа Пророкот, поправајќи ја оваа лажна мисла, вели: *во почетокот Бог ги создаде*. Бог за светот не бил само ова едно - не бил само причина за битието, туку, како благ, го создал - полезен, како премудар - прекрасен, како семоќен - најголем. Пророкот речиси и ти го покажува во Бога уметникот, кој пристапувајќи кон суштината на вселената, ги приспособува нејзините делови еден на друг, и остварува сама по себе, соодветна, согласна и хармонична целина.

*Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата*. Со двете крајности ја одбележал суштината на вселената, припишувајќи му на небото старешинство во битието, а за земјата рекол дека таа го зазема второто место по суштина. Без сомнение, ако нешто е на средина помеѓу небото и земјата, тоа е создадено заедно со овие граници. Бидејќи иако не е речено за стихиите: оган, вода и воздух, но ти, со сопствено расудување сфати, како прво, дека сé се наоѓа во сé. И во земјата ќе ја најдеш и водата, и воздухот, и оганот. Огнот скока од каменот; а и од железото, кое самото има почеток од земјата, обично,